СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на Општина Новаци

Број 03/25

Излегува по потреба 17.03.2025 година (понеделник) бр. 03 година XXIX
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година

1. Се прогласува, Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 12.03.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-303/2
17.03.2025г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02 и „Сл. весник на РСМ" бр. 202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Сл. весник на РСМ,, бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24 и 37/2025), член 36 став 1 од Законот за буџети („Сл. весник на РСМ" бр. 203/2022 и 76/2024), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Сл. весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл. весник на РСМ бр. 275/19, 14/2020, 215/2021, 99/22 и 208/24), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Сл. весник на РСМ " бр. 51/20 и 172/21), член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци" бр.7/19 и бр.16/24), Колективниот договор за административните службеници и другите вработени во Општина Новаци бр. 03-806/1 од 18.09.2018г. и бр.01-893/1 од 29.09.2022) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци" бр. 7/19 и бр.16/24), Советот на Општина Новаци на 63тата седницата одржана на ден 12.03.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлуката
за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година, бр. 14-864/7 од 30.12.2024 година.

Член 2

Во Одлуката, член 9 став 1, алинеја 1 се менува и гласи: „Коефициентот за исплата на плата на градоначалникот е утврден согласно Законот за исплата на плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, и изнесува 2,08, а основицата на која се пресметува е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Член 3

Коефициентот за утврдување на платата на градоначалникот ќе започне да се применува со исплатата на платата за месец февруари 2025 година.

Член 4

Во член 12 став 1, по зборот ,,месечна,, се додава зборот ,,нето,,.

Член 5

Во член 18 став 2, Програмата ,, Градоначалник -Д0,, се заменува со програма ,,Е0-Општинска администрација,,.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци.

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци за проектот: „Реконструкција на улица во Новаци“ во повикот од Бирото за регионален развој преку Центарот за рамномерен регионален развој на Пелагониски плански регион

1. Се прогласува, Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци за проектот: „Реконструкција на улица во Новаци“ во повикот од Бирото за регионален развој преку Центарот за рамномерен регионален развој на Пелагониски плански регион, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 12.03.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-303/3
17.03.2025г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ,, бр. 5/02 и (,,Сл. весник на РСМ,, бр.202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци (“Службен гласник на Општина Новаци” бр. 07/2019 и бр.16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 12.03.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
за сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци за проектот: „Реконструкција на улица во Новаци“ во повикот од Бирото за регионален развој преку Центарот за рамномерен регионален развој на Пелагониски плански регион

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци за проектот: ,,Реконструкција на улица во Новаци,, во повикот од Бирото за регионален развој преку Центарот за рамномерен регионален развој на Пелагониски плански регион.

Член 2

Општина Новаци за реализација на проектот од член 1 ќе учествува со сопствени средства во износ најмногу до 541 000,00 денари.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Новаци”.

14-250/5
12.03.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за возни линии, возен ред и вредност на билет за линиски превоз на патници

1. Се прогласува, Одлука за усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за возни линии, возен ред и вредност на билет за линиски превоз на патници, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 12.03.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-303/4
17.03.2025г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 12.03.2025година донесе:

ОДЛУКА
за усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за возни линии, возен ред и вредност на билет за линиски превоз на патници

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за возни линии, возен ред и вредност на билет за линиски превоз на патници бр.05-54/11/1 од 22.01.2025 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

14-250/6
12.03.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на ОДЛУКА за давање на Согласност на Изменет Годишен план за вработување на ООУ „Славко Лумбарковски“ с. Новаци за 2025 година

1. Се прогласува, Одлука за давање на Согласност на Изменет Годишен план за вработување на ООУ „Славко Лумбарковски“ с. Новаци за 2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 12.03.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-303/5
17.03.2025г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на РМ“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024), 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02 и „Сл. весник на РСМ” бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр.16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 12.03.2025 година донесе:

ОДЛУКА
за давање на Согласност на Изменет Годишен план за вработување на ООУ „Славко Лумбарковски“ с. Новаци за 2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава Согласност на Изменетиот Годишен план за вработување на ООУ „Славко Лумбарковски“ с. Новаци за 2025 година, бр. 01-94/1 од 27.02.2025 год.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-250/7
12.03.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

СОДРЖИНА

1. Заклучок за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година;
2. Заклучок за прогласување на Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци за проектот: „Реконструкција на улица во Новаци“ во повикот од Бирото за регионален развој преку Центарот за рамномерен регионален развој на Пелагониски плански регион;
3. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за возни линии, возен ред и вредност на билет за линиски превоз на патници;
4. Заклучок за прогласување на ОДЛУКА за давање на Согласност на Изменет Годишен план за вработување на ООУ „Славко Лумбарковски“ с. Новаци за 2025 година.

Издавач: Општина Новаци
тел. 047 203 060
Буџет на Општина Новаци
Сметка: 749014004563010
Народна банка на РСМ
Д.Б. 4002004169848
Приходна Шифра 752939